**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

Врз основа на член 35 од Законот за ревизија во Република Македонија (Службен Весник на РМ бр. 184/2014), Друштвото за ревизија и процена „КНИ-ПРОКОМ“ ДОО на ден 31 Март 2015 година го поднесува овој:

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ
# ЗА 2014 година

Овој Извештај содржи информации за:

1. Правната структура и сопственост на друштвото за ревизија;
2. Професионалната мрежа и правните структурни аранжмани во мрежата каде што припаѓа;
3. Управувачката структура на друштвото за ревизија;
4. Внатрешниот систем на контрола на квалитет на друштвото за ревизија и изјава од овластениот надлежен орган на друштвото за ревизија за ефективноста на функционирањето на овој систем;
5. Датум кога е извршена последната проверка за уверување во квалитетот на ревизорот согласно со Законот за ревизија;
6. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на годината за која се известува;
7. Изјава за независното работење на друштвото за ревизија со која се потврдува дека постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведени;
8. Изјава за политиката што ја следи друштвото за ревизија за континуираното професионално усовршување на овластените ревизори во текот на годината за која се известува;
9. Финансиска информација за вкупниот приход остварен од ревизијата и други надоместоци; и
10. Информација за основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор.

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

## 1. ОПИС НА ПРАВНАТА СТРУКТУРА И СОПСТВЕНОСТ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

### 1.1. Име на субјектот

Друштвото за ревизија и е основано и постои согласно законите во Република Македонија како друштво со ограничена одговорност ДОО. Друштвото е основано на 22 јули 1994 година во Прилеп, Република Македонија. Целосен назив на друштвото: Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп. Седиштето на Друштвото е во Прилеп, на ул. Крушевска бр. 21. Друштвото е заведено во регистарот на друштва за ревизија во Институтот на Овластени Ревизори на РМ под број ДР017. Друштвото поседува лиценца за работа бр. 07-125/1 од 26.06.2013 година издадена од Советот за Унапредување и Надзор на Ревизијата.

### 1.2. Број на вработени лица во субјектот

Во Друштвото заклучно 31 март 2015 година вработени се 7 (седум) лица, од кои 6 (шест) лица на неопределено полно работно време и 1 (едно) лице на неопределено скратено работно време.

### 1.3. Опис на сопственичката структура на друштвото

Основната главнина на друштвото изнесува 5.200 ЕУР. Друштвото е во сопственост на две физички лица, и тоа:

| Име и презиме | Статус | Учество (ЕУР) | Учество (%) |
|---|---|---|---|
| Александар Продановски | Овластен ревизор | 4.201,00 | 80,79% |
| Виолета Продановска | Останато физичко лице | 999,00 | 19,21% |

### 1.4. Приоритетната дејност/главна приходна шифра

69.20 - Сметководствени, книговодствени и ревизорски работи; даночно советување

### 1.5. Број на подружници на субјектот регистрирани во државата, нивните целосни називи и адресите на нивните регистрирани седишта

Друштвото за ревизија нема регистрани подружници во државата.

### 1.6. Број на други друштва во земјата во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност

Друштвото за ревизија не се јавува како основач на други друштва во земјата.

### 1.7. Број на подружници на субјектот регистрирани во странство, нивните целосни називи, адресите на нивните регистрирани седишта

Друштвото за ревизија нема регистрани подружници во странство.

### 1.8. Број на други друштва во странство во кои субјектот се јавува како основач и негови поврзани субјекти, нивните целосни називи, правната форма и адресите на нивните регистрирани седишта и дејност

Друштвото за ревизија не се јавува како основач на други друштва во странство.

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

**1.9. Годишно осигурување од одговорност**

Број на полиса: 13053000038910/0

Период на осигурување: 22.01.2015-22.01.2016

Осигурана сума: 15.375.000,00 МКД

## 2. ОПИС НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА МРЕЖА И ПРАВНИТЕ СТРУКТУРНИ АРАНЖМАНИ ВО МРЕЖАТА КАДЕ ШТО ПРИПАЃА

### 2.1. Име на меѓународната мрежа со краток опис на истата

Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп делува на територијата на Република Македонија. Друштвото е член на Институтот на Овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ). На 14 ноември 2013 година ИОРРМ стекна статус на полноправна членка на Меѓународната Федерација на Сметководители (IFAC). Друштвото не е член на меѓународна мрежа.

### 2.2. Клучни елементи од договорот за основање или друг вид на договор за членство во меѓународна мрежа

/

### 2.3. Големина на мрежата

/

## 3. ОПИС НА УПРАВУВАЧКАТА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

### 3.1. Опис на начинот на управување во субјектот

Согласно Законот за Трговски друштва и актот за основање на Друштвото, управувачката структура на Друштвото се состои од:

- Собир на содружници, кој се состои од сите содружници наведени во точка 1.3, и
- Управител на Друштвото.

### 3.2. Состав на органите на управување и надзор

Орган на управување на Друштвото е Управителот на Друштвото. Управител на Друштвото е Александар Проданоски, со неограничени овластувања.

## 4. ОПИС НА ВНАТРЕШНИОТ СИСТЕМ НА КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ И ИЗЈАВА ЗА ЕФЕКТИВНОСТА НА НЕГОВОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ

### 4.1. Вовед

Внатрешниот систем на контрола на квалитет на Друштвото е воспоставен во согласност со Меѓународниот Стандард за Контрола на Квалитет 1. Системот на контрола на квалитет вклучува политики и процедури кои ги дефинираат следните елементи: Одговорност на лидерот за спроведување на квалитетот во друштвото; Етички барања; Прифаќање и продолжување на односот со клиентот и специфични ангажмани; Човечки ресурси; Извршување на ангажман; Мониторинг.

Воспоставените политики се дизајнирани со цел Друштвото и неговиот персонал да се придржуваат на професионалните стадарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни на околностите.

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

### 4.2. Одговорност на раководството за внатрешниот систем на контрола на квалитет

Управителот на Друштвото е одговорен за функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет во Друштвото.

### 4.3. Релевантни етички барања

Вработените во Друштвото мора да бидат независни во однос на клиентите и ангажманите. Барањата за независност се во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители - МСКК1, и Меѓународниот стандард за ревизија 220 „Контрола на квалитет за ревизија и финансиски извештаи". Кога потенцијалните закани по независноста не можат да бидат елиминирани или намалени до прифатливо ниво со примена на соодветни мерки на заштита, Друштвото ќе одбие да го прифати или продолжи ангажманот.

### 4.4. Политиките кои се следат за прифаќање, продолжување или повлекување на ангажманите

Во процесот на прифаќање и продолжување на ангажманот се врши проверка од аспект на расположливите ресурси, ризиците од ангажманот, интегритетот на менаџментот и проверка дали Друштвото може да ги применува етичките барања.

### 4.5. Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси

Управителот врши проверка на потребите за човечки ресурси со цел обезбедување квалитетна и навремена услуга. За секој ангажман се определува партнер на ангажманот и тимот кој ќе работи на ангажманот. Политиките и процедурите кои се однесуваат на човечките ресурси опфаќаат постапки за регрутирање, проверка на работењето, компетентност, развој на кариерата, унапредување и проценка на потребите на персоналот.

### 4.6. Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет

Политиките и процедурите кои се однесуваат на спроведувањето на ангажманите и вршењето на внатрешната контрола на квалитет се дизајнирани да обезбедат разумна сигурност дека персоналот соодветно ги планира, надгледува и проверува ангажманите. Ангажманите се спроведуваат во согласност со усвоените професионални стандарди и законските барања. Извештаите се соодветни на околностите.

### 4.7. Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Политиките и процедурите кои се однесуваат на следењето на внатрешниот систем на контрола на квалитет имаат за цел обезбедување оценка за тоа дали системот на контрола на квалитет бил соодветно дизајниран и ефективно имплементиран, дали истиот е усогласен со професионалните стандарди и законската регулатива, како и тоа дали постапките биле соодветно спроведени за извештаите бидат соодветни на околностите.

### 4.8. Политиките и процедурите за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Друштвото има политики и процедури за документирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет, со цел да ја одржат доверливоста, интегритетот, безбедноста и пристапот до документацијата на ангажманот.

**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

### 4.9. Изјава за ефективноста на функционирањето на внатрешниот систем на контрола на квалитет

Изјавувам дека во Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп ефективно функционира внатрешниот систем на контрола на квалитет.

Прилеп, 31 март 2015 година

Управител
Александар Проданоски

Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп

## 5. ДАТУМ КОГА Е ИЗВРШЕНА ПОСЛЕДНАТА ПРОВЕРКА ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО КВАЛИТЕТОТ НА РЕВИЗОРОТ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА РЕВИЗИЈА

Последна проверка за уверување во квалитетот согласно Законот за ревизија во Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп е извршена во октомври 2014 година за годината што заврши на 31 декември 2013 година, а конечниот извештај е издаден во декември 2014.

## 6. СПИСОК НА СУБЈЕКТИ НА КОИ Е ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ЗА КОЈА СЕ ИЗВЕСТУВА

Во текот на 2014 година извршена е ревизија на следните субјекти: Пелистерка АД Скопје, Еуро Табак ДОО Скопје, Макинвест ДОО Скопје, Плежер ДООЕЛ Крива Паланка, Еуродистрибуција ДООЕЛ Скопје, Лозар Пелистерка ДООЕЛ Скопје, Пелистерка Транс ДООЕЛ Скопје, Пеј Плус ДООЕЛ Скопје, ЈППУЗП Јасен-Скопје, Ларин Мрамор Компани АД Скопје, Белмар ДОО Скопје, ЈКП Водовод Битола, Хидро Енерго Проект Водовод ДООЕЛ Битола, ФК Пелистер АД Битола, ФК Еуромилк ГЛ АД Скопје, АДГ Трудбеник Охрид, ЈКП Водовод и Канализација Прилеп, ЈКП Комуналец Прилеп, Терминал Комуналец ДООЕЛ Прилеп, Бунар Петрол ДОО Гостивар, Чеза Комерц ДОО Скопје, Блу Бел Маритајм ДОО Скопје, Тим ДОО Скопје, Тимох ДОО Скопје, Трим ДОО Охрид, Пелагонија Мермер ДОО Скопје, Вардар Мермер ДОО Скопје, Проект „Лобирање и учество на граѓанските организации во процесот на донесување јавни политики во пелагонискиот регион" - ПРЕДА, .

**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

## 7. ИЗЈАВА ЗА НЕЗАВИСНОТО РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА СО КОЈА СЕ ПОТВРДУВА ДЕКА ПОСТОЈАТ ИНТЕРНИ ПРОЦЕДУРИ ЗА ПРОВЕРКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА НЕЗАВИСНОСТА И ДЕКА ИСТИТЕ СЕ СПРОВЕДЕНИ

Изјавувам дека во Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп постојат интерни процедури за проверка на усогласеноста на независноста и дека истите се спроведуваат.

Прилеп, 31 март 2015 година

Управител
Александар Проданоски

Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп

## 8. ИЗЈАВА ЗА ПОЛИТИКАТА ШТО ЈА СЛЕДИ ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА ЗА КОНТИНУИРАНОТО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО ТЕКОТ НА ГОДИНАТА ЗА КОЈА СЕ ИЗВЕСТУВА

Изјавувам дека Друштвото за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп ја следи воспоставената политика за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори.

Прилеп, 31 март 2015 година

Управител
Александар Проданоски

Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп

## 9. ФИНАНСИСКА ИНФОРМАЦИЈА ЗА ВКУПНИОТ ПРИХОД ОСТВАРЕН ОД РЕВИЗИЈАТА И ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

| | 2014 | | 2013 | |
|---|---|---|---|---|
| | *во 000 МКД* | *во %* | *во 000 МКД* | *Во %* |
| Приходи од ревизорски услуги | 2.462 | 69 | 3.648 | 97 |
| Приходи од услуги на уверување во квалитет | 138 | 4 | - | - |
| Даночни советодавни услуги | 613 | 17 | - | - |
| Други неревизорски услуги | 346 | 10 | 128 | 3 |
| **Вкупни приходи** | **3.559** | **100** | **3.776** | **100** |

**КНИ-ПРОКОМ**
Друштво за ревизија и процена

Крушевска 21
7500 Прилеп
Тел: 048/412-505
Факс: 048/427-545
mail@kniprokom.com.mk
www.kniprokom.com.mk

## 10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОСНОВАТА ПО КОЈА СЕ УТВРДУВА ХОНОРАРОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ РЕВИЗОР

Основата по која се утврдува хонорарот на овластениот ревизор е фиксна плата согласно договорот за работа. Овластениот ревизор кој е едновремено и капитален партнер во Друштвото добива дивиденда, согласно учеството во капиталот.

Прилеп, 31.03.2015 година

Управител
Александар Проданоски

Друштво за ревизија и процена КНИ-ПРОКОМ ДОО Прилеп